[redacted]

From: [redacted]
Sent: [redacted]
To: [redacted]
Cc: [redacted]

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 11.02.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 9 | | |

Почитуван,

Во врска со Вашата претставка (наш бр.03-9 од 22.01.2019 година, дополнета на 24.01.2019 и на 30.01.2019 година), со која не информирате дека телевизијата „Балкан мјузик" која ја реемитува Македонски Телеком *„зрачи од Македонија... е интернет телевизија и зрачи на телеком со фалсификат бугарски документи... емитува студиски снимки ад студиото во Скопје...",* Ве информираме дека Агенцијата презеде активности в0 врска со работењето на оваа телевизија и го констатираше следново:

1. Телевизијата „Балкан мјузик" е регистрирана в0 Република Бугарија со сертификат за регистрација бр. ЛРР-02-4-160-01 и ја врши дејноста врз основа на Решение бр.РД-05-92 од 20.11.2018 година, издадаено од страна на регулаторното тело на Република Бугарија – Совет за електронски медиуми.

   Решението е издадено на правното лице „Балкан Мјузик" ДООЕЛ со седиште на пл.„Георги Измирлиев" бр.17 в0 Благоевград, чиј управител и единствен сопственик е физичкото лице Дејанчо Ѓоргиев, и тоа за:

   - емитување на линеарен специјализиран (музички) телевизиски сервис;
   - преку кабелски електронски информативни мрежи;
   - со регионален територијален опфат за областите Благоевгради Ќустендил;
   - за емитување в0 времетраење од 24 часа.

2. Дополнително, Агенцијата се обрати до Советот за електронски медиуми на Република Бугарија и побара од нив информација дали оваа телевизија емитува програма според издаденото Решение.

   На 06.02.2019 година, Советот за електронски медиуми на Република Бугарија не извести дека извршиле проверка и констатирале дека телевизијата „Балкан мјузик" во Република Бугарија се емитува преку кабелските мрежи во Ќустендил, Дупница, Благоевград, Гоце Делчев, Рила, Разлог и Банско.

Имајќи го предвид горенаведеното, а согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кабелските оператори од Република Македонија можат да ја реемитуваат оваа телевизија, исто како ибил0 која друга телевизија што е регистрирана исе емитува в0 друга држава, секако по претходна регистрација в0 Агенцијата и со уредени права за реемитување согласно Законот за авторски и сродни права.
Покрај тоа, Ве известуваме дека на 14.01.2019 година Агенцијата, по претходно доставена претставка со слични наводи како Вашата, до Министерството за внатрешни работи на Република Македонија – Центар за сузбивање на организиран исериозен криминал испрати Информација за добиени с0знанија за пренос на програмскиот сервис „Балкан Мјузик" со која побара од нив да ги проверат доставените наводи ида испитаат дали во опишаните дејствија в0 претставката се содржани елементи на кривични дела.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ